SALAR International

# ПАТОТ ДО ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН (ЛАП) ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД



## Усвојување на инклузивен процес кој ќе овозможи поголем квалитет на испорачаните услуги преку интегрирање на родовата перспектива и човековите права

Усвојувањето на интегриран и инклузивен пристап во планирањето и во испораката на локални услуги е од клучно значење за услугите да им се подеднакво достапни на сите граѓани во заедницата. Ова значи дека треба особено да се внимава на вклученоста на жените и различните социјални групи во заедницата – почнувајќи од учеството во работната група и планирањето, креирање на родово сензитивни индикатори во локалниот акциски план, па сѐ до спроведување на активности на начин кој подеднакво го одобрува квалитетот на услуги за сите.

## Постојана комуникација за реализацијата на планот со засегнатите страни и јавноста

Во текот на спроведувањето на акцискиот план, неопходно е постојано да се комуницираат остварените резултати. Постојаната комуникација гради транспарентност, поттикнува доверба и создава атмосфера на заедништво и колективна акција за спроведување на активностите од планот.

### 1 Препознавање на важноста за одржливо управување со отпад

Иако централната власт ги дава општите насоки и ги носи националните стратегии за управување со отпад, развојот и спроведувањето на плановите, но и реализацијата на активностите во оваа област се во надлежност на општините. Затоа, општините треба да ја препознаат нивната клучна улога во управувањето со отпадот и обезбедувањето на здрава и одржлива животна средина.

### 2 Создавање на широк сојуз (локален и регионален) за заедничка и инклузивна акција

Управувањето со отпадот е премногу комплексно за да биде задача на само една институција! За ефикасно да се соочиме со овој проблем потребно е во неговото решавање да бидат вклучени сите во заедницата. Ова подразбира градење на широк сојуз составен од Градоначалникот, општинската администрација и Советот, јавното комунално претпријатие, бизнис заедницата, колективните постапувачи, образовните институции, медиумите, граѓанските организации и јавноста.Остварувањето на целите од регионалните планови за управување со отпад подразбира меѓуопштинска соработка и координација помеѓу општините во регионите.

### 3 Обезбедување на формална политичка поддршка (одлука на Градоначалникот за формирање на работна група)

Откако ќе се препознае важноста и клучната улога на општините во справувањето со отпадот, потребно е да се формира работна група кој ќе управува со процесот. Групата треба да е составена од лица од различни профили за да се овозможи интегриран пристап и вклучување на различни перспективи (еколошки, финансиски, правни, и сл.) при дефинирањето активности за управувањето со отпадот. Одлуката на градоначалникот, покрај списокот на членовите на работната група, треба да содржи и опис на мандатот на групата како што е подготовка и реализација на локалниот акциски план, следење и евалуација, известување и сл.

### 4 Работната група утврдува работна методологија (мандат, улоги, динамика на состаноци, начин на комуникација)

Откако официјално ќе се формира, првата задача на работната група е да го утврди начинот на работа. Ова вклучува разгледување на мандатот, поделба на улогите и одговорностите, утврдување на динамиката на состаноците, како и начинот на комуницирање во рамките на групата, но и со останатите општински тела и засегнатите страни.

### 5 Мапирање на засегнатите страни во управувањето со отпад

Мапирањето на засегнатите страни за управување со отпад е од клучно значење за да се идентификуваат клучните актери од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, да се разберат нивните улоги и да се поттикне меѓусебната соработка. Засегнатите страни од бизнис заедницата, колективните постапувачи, образовните институции, медиумите, граѓанските организации, и сл. ќе бидат консултирани и при реализација и ревизија на активностите за управување со отпад.

### 6 Формирање на регионална мрежа на работни групи

Откако општинската работна група ќе се формира и ќе започне со работа, неопходно е да воспостави комуникација со останатите општински групи во регионот. Имајќи предвид дека ефикасното управување со отпадот е можно само преку регионална координација, потребно е да се создаде регионална мрежа на работни групи со цел да се поттикне меѓуопштинската соработката и споделувањето знаење меѓу општините.

### 7 Преточување на приоритетите од РПУО во конкретен ЛАП со јасно дефинирана структура

Следниот чекор е разгледување на регионалниот план и идентификација на приоритетните цели и акции за општината. Ова е првиот чекот кон креирање на локален акциски план! За секоја идентификувана акција треба да вклучува одговорно лице, потребен буџет, вид на поддршка и јасни показатели кои ќе овозможат мерливост на успехот. Акцискиот план треба да содржи и други елементи како што се тековните капацитети за управување со отпад, начинот на комуникација со јавноста, како и начинот на следење на реализацијата.

### 8 Споделување на нацрт планот со релевантните засегнати страни

Откако ќе биде утврдена нацрт верзијата на планот, неопходно е да се сподели со претходно идентификуваните засегнати страни во општината за да се овозможи вклучување на нивните идеи, предлози и очекувања во финалната верзија на планот.

### 9 Конечниот ЛАП се поднесува до општинскиот совет за усвојување

По добивањето на коментарите од засегнатите страни, работната група го утврдува конечниот текст на локалниот акциски план и истиот го спроведува до надлежните општински тела кои понатаму го поднесуваат до Советот на разгледување и усвојување.

### 10 Започнува реализацијата на Локалниот акциски план

Локалниот акциски план е усвоен од Советот на општината и започнува неговата реализација.

### 11 Постојано следење на реализацијата на планот и известување

Со цел да се осигура реализацијата на зацртаните цели, неопходно е да се создаде пракса на редовно следење на активностите. Врз основа на добиените податоци, се подготвуваат извештаи во кои се укажува на напредокот на секоја од активностите од планот.

### 12 Среднорочна евалуација и прилагодувања на планот

Ниту еден акциски план не е совршен! Постои веројатност дека некои активности нема да бидат реализирани во планираниот период. Често причините се објективни, и среднорочната евалуација ќе ни даде прецизен увид во напредокот во реализацијата на планот и ќе овозможи негови прилагодувања согласно новите околности и очекувања.

### 13 Продолжување со реализацијата на планот се до донесување на нов

Продолжува реализацијата на ревидираниот план до крајот на периодот за кој е донесен, со веќе воспоставената динамика на следење и известување, како и со постојана комуникација со засегнатите страни и јавноста.

Sweden Sverige

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

ЗЕЛС